Врз основа на член 37 став (1) точка 1) алинеја 1) од Законот за енергетика* („Службен весник на Република Македонија“ бр. 96/18, „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 96/19 и 236/22), член 109 став (4) од Законот за општата управна постапка* („Службен весник на Република Македонија“ бр. 124/15) и член 16 од Правилата за постапување по приговори и разрешување на спорови („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 255/23), Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија на седницата одржана на 8 февруари 2024 година донесе

# Р Е Ш Е Н И Е
## за одбивање на приговор

1. Приговорот на Хасан Рушити од Тетово УП2 09-369/23 од 20 декември 2023 година против Решение за одбивање на барање на согласност за приклучување на електродистрибутивната мрежа на Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје бр. 11-1324 од 17 ноември 2023 година СЕ ОДБИВА.

2. Решението за одбивање на барање на согласност за приклучување на електродистрибутивната мрежа на Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје бр. 11-1324 од 17 ноември 2023 година СЕ ПОТВРДУВА.

3. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а се објавува на веб-страницата на Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија.

### О б р а з л о ж е н и е

Хасан Рушити од Тетово до Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: Регулаторна комисија за енергетика) поднесе Приговор УП2 09-369/23 од 20 декември 2023 година против Решение за одбивање на барање на согласност за приклучување на електродистрибутивната мрежа на Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје (во понатамошниот текст: Електродистрибуција) бр. 11-1324 од 17 ноември 2023 година на КЕЦ Тетово, издадено поради непостоење на технички услови за приклучок за пумпа за наводнување.

Според Електродистрибуција – најблиската напојна точка е на 200 метри од парцелата, напојна трафостаница е ТС Деребој 5 или ТС Деребој 6, реонот е под ГУП и се водат какониви на кои се изградени објекти. Корисникот има доставено потврда за бунар и пумпа за вода.

На седница на Комисијата за постапување по Приговори од 16 јануари 2024 година се разгледуваше следната документација:

1. Одговор на Приговор УП2 09-369/23 од 20 декември 2023 година со прилог:

-Приговор<br>
-Приговараното Решение<br>
-Барање за согласност за приклучок<br>
-Потврда за потреба од пумпа за наводнување на земјиште<br>
-GIS скица<br>
-Дополнителни докази од ЕВН од 5 јануари 2024 година со прилог:<br>
-Извештај за запад на напон во мрежата

-Информација за потенцијални баратели на приклучок во околината

Регулаторната комисија за енергетика при разгледувањето на Приговорот утврди дека истиот е неоснован.

Имено, напојната точка е на 200 метри од парцелата, а се работи за неурбанизирано подрачје.

Согласно член 35 став (1) точка 2), операторот на дистрибутивниот систем ќе донесе Решение за одбивање на барањето за согласност за приклучување на дистрибутивната мрежа во случај кога не постојат технички услови за приклучување на корисникот на дистрибутивната мрежа според барањето на корисникот.

Имајќи го предвид горенаведеното се утврди дека не постојат технички услови за приклучување на објектот, односно Електродистрибуција постапила правилно издавајќи го сега приговараното Решение, при што се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поведе управен спор во рок од 30 дена од денот на приемот на истото.

**УП2 бр.09–369/23**
**8 февруари 2024 година**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**на Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на**
**на Република Северна Македонија**
**Марко Бислимоски**